Градежно друштво
ГРАНИТ АД
Бр. 12-8209
31.05.2016 год
СКОПЈЕ

Управниот одбор на ГД„Гранит„АД Скопје на ден 31.05.2016 година, без одржување на седница, а во согласност со сите членови на Управниот одбор, по пат на телефонска-телефакс врска, расправајќи за потребата од Донесување на Правилник за заштено внатрешно пријавување, согласно Законот за укажувачи, согласно член 57 и член 63 од Статутот на Друштвото, ја донесе следнава

## О Д Л У К А

I. Се усвојува Правилник за заштитено внатрешно пријавување во ГД Гранит АД Скопје.
II. Правилникот да се достави до сите Сектори и организациони единици во ГД Гранит АД Скопје и објави на интернет страната на Друштвото.
III. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Претседател на Управен одбор

Страшо Милковски ________

Членови на Управен одбор

Зоран Милковски ________

Андреа Серафимовски ________

Виолета Божиноска ________

Венко Зафиров ________

Доставено до:
-Виолета Божиноска - Директор на сектор за правни, кадрови и општи работи
-А р х и в а

Градежно друштво
ГРАНИТ АД
бр. 12-8209/1
31.05.2016 год.
СКОПЈЕ

ГРАНИТ

ГД „Гранит" АД Скопје

Врз основа на член 4 став 6 од Законот за заштита на укажувачите („Службен весник на Р.Македонија" бр.196/15), Правилникот за насоки за донесување на внатрешни акти за заштитено внатрешно пријавување во правното лице во приватниот сектор („Службен весник на Р.Македонија бр.46/2016) и Статутот на ГД „Гранит" Скопје, Управниот Одбор на седницата одржана на ден 31.05.2016 година, го донесе следниов:

**П Р А В И Л Н И К**
**За заштитено внатрешно пријавување во ГД „Гранит" АД Скопје**

## I.Предмет на уредување

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува заштитеното внатрешно пријавување во ГД „Гранит" АД Скопје (во понатамошниот текст: Друштвото), правата на укажувачите и постапувањето и должностите на ГД „Гранит" АД Скопје во врска со заштитено внатрешно пријавување, обезбедување заштита на укажувачите и упатување на заштитено надворешно пријавување, односно заштитено јавно пријавување, начинот на определување на овластено лице за прием на пријави, начинот на водење на постапката во врска со укажувањето и други прашања од значење за заштитено внатрешно пријавување.

**Член 2**

Под поимот „заштитено внатрешно пријавување" во смисла на овој Правилник се подразбира пренесување разумно сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво или друго незаконито или недозволено постапување во рамки на Друштвото со кое се повредува или загрозува јавниот интерес.

Под поимот „јавен интерес" во смисла на овој Правилник се подразбира заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Р. Македонија, спречување на ризици за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата.

Под поимот „укажувач" во смисла на овој Правилник се подразбира лице од категориите утврдени во став 4 од овој член, кое со добра намера врши заштитено внатрешно пријавување, согласно Законот за заштита на укажувачите и овој Правилник.

Категории на лица кои можат да се јават во својство на укажувачи се:

- Лице кое има засновано работен однос на неопределено или определено време во Друштвото;
- Кандидат за вработување, кандидат за волонтирање (волонтер) или практикант во Друштвото;
- Лице кое е или било волонтер или практикант во Друштвото;
- Лице кое по било кој основ е или било ангажирано за извршување на работа во Друштвото;
- Лице кое по било кој основ е или било во деловен однос или друг однос на соработка со Друштвото;

## II. Овластено лице за прием на пријави од укажувачи

**Член 3**

Директорот на Секторот за правни, кадрови и општи работи во Друштвото (во понатамошниот текст: Директорот) назначува овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување (во понатамошниот текст: Овластено лице).

Назначувањето на овластено лице, согласно став 1 од овој член, Директорот го врши со донесување на Решение за назначување на овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување.

Директорот може да назначи и повеќе овластени лица, со тоа што секое од нив е поединечно одговорно за податоците што тоа ги добира и поединечно доставуваат годишен Извештај за примени пријави од укажувачи.

Во случај, Директорот да не назначи овластено лице, се смета дека Директорот е овластено лице.

**Член 4**

Директорот е должен на овластеното лице да му обезбеди независност и непреченост во работата.

Директорот на овластеното лице му обезбедува соодветен простор и опрема за работа.

Овластеното лице за извршување на своите обврски во согласност со закон и овој Правилник, има право на посебна деловодна книга, во која се евидентираат примените пријави за заштитено пријавување и посебен приемен печат.

**III.Заштитено внатрешно пријавување**

**Член 5**

Заштитетно внатрешно пријавување во Друштвото врши укажувачот кој има сомневање или сознание дека е извршено, се врши или ќе се изврши казниво дело или друго незаконито или недозволено постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес.

**а) Постапка за заштитено внатрешно пријавување во Друштвото**

**Член 6**

Овластеното лице врши прием на пријави доставени директно до него од укажувач заради заштитено внатрешно пријавување согласно закон (во натамошниот текст: пријава).

**Член 7**

Укажувачот врши заштитено внатрешно пријавување, односно доставува пријава, на следниов начин:

- Усно, на записник кај овластеното лице за прием на пријави од укажувачи;
- Писмено, преку доставување на пријава во писмена форма до овластено лице, лично или преку посебно поштенско или електронско сандаче;

Пријавата примена согласно став 1 од овој член, овластеното лице е должно да ја завери со ставање на посебен приемен печат и евидентирање во посебна деловодна книга.

**Член 8**

Овластеното лице во Друштвото, во рамки на обезбедените услови, е должно:

- Да постапува во однос на примената пријава со почитување на процедурите утврдени со закон и овој Правилник;
- Да ги заштити личните податоци на укажувачот, односно податоците кои може да го откријат идентитетот на укажувачот кој бара да биде анонимен или пријавува доверливо, во согласност со прописите за заштита на лични податоци, освен ако укажувачот се согласи на откривање на тие податоци;
- Да го информира укажувачот кој е познат, за превземените мерки во врска со пријавата;

**Член 9**

Доколку пријавата е дадена усно, овластено лице составува Записник кој ги содржи најмалку следниве податоци:

- Податоци за укажувачот (доколку е познат);
- Категорија на лице во која припаѓа укажувачот, согласно Законот за заштита на укажувачи и согласно член 2 став 4 од овој Правилник;
- Барање од укажувачот да остане анонимен и степенот до кој тоа го бара;
- Податоци за лицето кое се пријавува од страна на укажувачот;
- Опис на незаконско постапување;
- Начин и форма на комуникација со овластеното лице (предложени од укажувачот);
- Прилози;
- Датум и место на прием на пријавата;

Записникот задолжително го потпишуваат укажувачот и овластеното лице и истиот се заведува како примена пријава.

**Член 10**

Личните податоци во врска со заштитено внатрешно пријавување се собираат, обработуваат и чуваат под услови утврдени со закон и прописите со кои се уредува заштитата на личните податоци и исклучиво за целите утврдени со Законот за заштита на укажувачи.

**Член 11**

Доколку пријавата е доставена во електронска форма на носач на електронски запис, односно по електронски пат, овластеното лице е должно да го испечати записот кој одговара на пријава според содржината и испечатеното со попишани прилози добиени во форма на електронски записи да го заведе како примена пријава.

Доколку печатењето на прилозите од став 1 на овој член е неекономично, овластеното лице е должно истите да ги сочува во електронска форма на посебен компјутер, обезбеден со лозинка позната само нему.

**Член 12**

По приемот и заведувањето на пријавата, овластеното лице е должно без одлагање да изврши проценка на содржината на пријавата која има за цел да утврди дали истата е логична и разумна, дали претставува пријава од укажувач, согласно Законот за заштита на укажувачи, како и дали пријавата содржи доволно елементи за понатамошно постапување.

По извршување на проценката од став 1 од овој член, овластеното лице донесува заклучок за понатамошно постапување по пријавата и превземање на соодветни мерки за заштита на укажувачот или на нему блиско лице.

**Член 13**

Овластеното лице е должно, доколку пријавата содржи наводи кои непосредно или посредно се насочени кон менаџментот на Друштвото, да го упати укажувачот на заштитено надворешно пријавување, односно заштитено јавно пријавување, согласно член 24 и 25 од овој Правилник. .

Овластеното лице ќе го упати укажувачот на надворешно пријавување и кога, без сопствена вина, е спречен веднаш , без одлагање да превзема мерки во врска со пријавата и за отстранување на штетните последици по укажувачот или по негово блиско лице, согласно Законот за заштита на укажувачи и овој Правилник.

**б) Заштита на укажувачот и нему блиско лице**

**Член 14**

Друштвото, преку овластеното лице, обезбедува заштита на укажувачот и нему блиско лице од било каков вид на повреда на право, штетно дејствие или опасност од настапување на штетни дејствија заради извршено внатрешно пријавување.

Друштвото, преку овластеното лице, задолжитено ги превзема сите мерки за заштита и спречување на повреда на права од работен однос или на кое било право и воздржување од дејствија со кои се повредува или загрозува било кое право на укажувачот заради извршеното пријавување.

**Член 15**

Доколку Друштвото, преку овластеното лице не обезбеди соодветна заштита согласно член 14 од овој Правилник, укажувачот за ова пријавува во Државната комисија за спречување на корупција, Народниот Правобранител на Р.Македонија, Инспекцискиот совет, Министерството за внатрешни работи или Јавното обвинителство на Р.Макдонија.

**в) Заштита на податоци и идентитет на укажувач**

**Член 16**

Се забранува откривање или овозможување откривање на идентитет на укажувачот од страна на овластеното лице во Друштвото, освен кога тоа е утврдено со судска одлука.

Секое лице кое ќе ги дознае/спознае податоците од став 1 од овој член е должно да ги штити тие податоци.

**Член 17**

Овластеното лице во Друштвото е должно да ги заштити личните податоци на укажувачот, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот, освен ако пријавувачот се согласи на откривање на тие податоци, а во согласност со закон со кој се уредува заштитата на личните податоци.

**Член 18**

Овластеното лице во Друштвото е должно да го извести пријавувачот во текот на примање на информациите дека неговиот идентитет може да биде откриен на надлежен орган доколку без откривање на идентитетот не би можело да се постапува пред тие органи, како и да го извести за мерките за заштита на учесникот постапката.

Ако во текот на постапката е неопходно да се открие идентитетот на пријавувачот, овластеното лице во Друштвото е должно за тоа да го извести пријавувачот, пред откривањето на идентитетот.

Идентитетот на пријавувачот не смее да се открие на лицето за кое се укажува информацијата.

**г) Заштита на податоци во врска со заштитено пријавување**

**Член 19**

Овластеното лице е должно да обезбеди заштита на податоците и на примените пријави, записници, примените или создадени документи и други материјали во врска со заштитеното пријавување и истите да ги чува и евидентира како доверливи, односно класифицирани информации.

**д) Право на информираност на укажувачот**

**Член 20**

Овластеното лице во Друштвото е должно, писмено, да го информира укажувачот за преземените мерки во врска со поднесената пријава, без одлагање, а најдоцна во рок од 15 (петнаесет) дена, сметајќи од денот на прием на пријавата.

**ѓ) Злоупотреба на пријавувањето на укажувачот**

**Член 21**

Забрането е свесно пријавување на невистинити информации за физичко или правно лице со цел предизвикување на штетни последици за истото.

За злоупотреба на пријавување на укажувачот се смета и доколку со должно внимание и совесно, до степен до кој тоа го дозволуваат околностите, укажувачот не проверил дали се тие точни и совесни.

**Член 22**

Укажувачот кој го злоупотребил пријавувањето ја губи заштитата обезбедена согласно овој Правилник.

Укажувачот кој го злоупотребил пријавувањето, а поради кое настанале штетни последици за физичкото или правното лице е основ за поведување на постапка за утврдување на негова одговорност согласно закон.

**е) Извештај за заштитено внатрешно пријавување**

**Член 23**

Овластеното лице изготвува годишен извештај за заштитено внатрешно пријавување кој содржи општи статистички податоци, превземени мерки во врска со заштитетното внатрешно пријавување, и евентуално статистички податоци за пријави упатени кон заштитено надворешно и јавно пријавувње.

**IV.Заштитено надворешно пријавување**

**Член 24**

Укажувачот може да врши заштитено надворешно пријавување до Министерството за внатрешни работи, надлежно јавно обвинителство, Државна Комисија за спречување на корупција, Народниот правобранител на Р. Македонија или други надлежни институции доколку:

- Пријавувањето од член 1 на овој Правилник е непосредно или посредно насочено против раководно лице на Друштвото;
- Укажувачот во врска со пријавувањето не добие информацијза за преземените мерки во рокот утврден во член 20 од овој Правилник;
- Не се преземени мерки, не е задоволен од постапувањето, укажувачот се сомнева дека нема да се преземат мерки или дека пријавувањето од член 1 од овој Правилник ќе предизвика штетни последици по него или по негово блиско лице;

**V.Заштитетно јавно пријавување**

**Член 25**

Укажувачот може да врши заштитено јавно пријавување со правење јавно достапни информации во врска со сознанието дека е извршено, се врши или е веројатно дека ќе се изврши казниво дело со кое се повредува или загрозува животот на укажувачот и нему блиско лице, здравјето на луѓето, безбедноста, животната средина, штети од големи размери или постои непосредна опасност од уништување на докази.

**VI.Ништовност на одредби во договори и акти**

**Член 26**

Ништовни се одредбите во договорите за вработување и другите акти на Друштвото со кои се уредуваат работните односи, а со кои се забранува пријавување на сомневање или сознание за казниво дело или друго незаконито или недозволено постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес, безбедноста и одбраната.

Нишовни се одредбите со кои пријавувањето од член 1 од овој Правилник се дефинира како прекршување на одредби за доверливост, деловна тајна, лојалност, професионалност и добро извршување на работните обврски.

**VII.Преодни и завршни одредби**

**Член 27**

Директорот од член 3 став 1 во рок од 8 (осум) дена, сметајќи од денот на донесување на овој Правилник носи Решение со кое определува овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во Друштвото.

**Член 28**

Директорот е должен овој Правилник да го достави и запознае сите вработени и до други работно ангажирани лица во Друштвото и да го објави на својата интернет страница доколку има техничка можност.

**Член 29**

Овој Правилник стапува на сила со денот на негово донесување.

**Претседател на Управен одбор**
**на ГД „Гранит“ АД Скопје**
**Страшо Миљковски**